**ГАБЕРОВ Марјан** **УДК: 364.63-027.553**

# ФЕНОМЕНОЛОГИЈА НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

**Апстракт:** Семејното насилство како општествено негативна појава го следи општеството и човековата цивилизација од времето на нејзиното настанување па се до денешното време, кое се карактеризира со висок степен на развој на технологиите и информационите системи. Овој развој на општеството од денешен аспект самиот по себе не значи и елиминирање на сите форми на насилство, па и елиминирање на семејното насилство, туку напротив истото е се поприсутно и добива нови форми и типови на дејствување. Во историска генеза самото насилство, а со тоа и семејното насилство се манифестирало на најразлични начини, низ различни облици и форми, што во најголемиот број од случаите, овој развој зависел од степенот на развојот на општеството и на цивилизацијата.

**Клучни зборови:**, *агресија, облици, девијација, типологизација, семејство, заедница*

**GABEROV Marjan**

# PHENOMENOLOGY OF DOMESTIC VIOLENCE

**Abstract:** Domestic violence as socially negative phenomenon follows society and human civilization since the time of its emergence till today. Even though today’s societies are highly developed in terms of information and technology systems, it doesn’t mean elimination of all forms of violence, including domestic violence. On the contrary, domestic violence is evolving, presenting itself into new forms and types of action. Through the history, violence and domestic violence appeared itself in different ways and in the most cases these appearances depended on the degree of development of society and civilization.

**Key words:** *aggression, forms, deviation, typology, family, community*

## 1. Поимно определување на семејното насилство

Семејното насилство претставува комплексен и сложен проблем со кој се соочуваат сите држави во светот без исклучок. Сложеноста и комплексноста на оваа појава се појавува како резултат на штетните и огромни последици кои се предизвикуваат со практикувањето на семејното насилство, пред се за семејството, па потоа и за општеството во целина. Исто така како феномен, семејното насилство претставува вечен и постојан предизвик на голем број научни дисциплини, како што се криминолошките, социолошките, казнено правните, психолошките, криминалистичките и др., се со цел да се изврши негово определување во феноменолошка смисла, односно да се одредат појавните облици на истото, да се детектираат најчестите фактори кои влијаат да се практикува оваа негативна појава во општеството, како и да се воспостават соодветни системи и механизми на заштита на жртвите на семејното насилство.

Феноменот на семејното насилство постои одсекогаш, всушност истото се наоѓа во постојано следење на човекот и на општеството. По своите појавни облици и своите карактеристики семејното насилство не може да се поврзе со определена нација, со определена група на народ, со определена раса, со определена култура, со определена вера или со некоја друга општествена околност и карактеристика. Токму поради овој факт за семејното насилство се вели дека има карактеристики на појава која е универзална, појава која постои насекаде, појава која не ги познава границите на државата, појава која по своите феноменолошки облици е интернационална и универзална. Во многуте типологии на криминалитетот кои се направени во стручната литература, семејното насилство се издвојува како посебен тип на криминалитет, кој се вбројува во групата на криминалитет на насилство или насилнички криминалитет.[1]

По своите феноменолошки облици семејното насилство претставува тип на криминалитет кој постојано ги проширува своите граници на појавување и според извештаите на Светската здравствена ораганизација истото се смета за еден од најраспространетите облици на насилство воопшто.[2] Токму поради овој податок неопходна е брза и одлучна акција на сите актери во насока на превенирање, спречување и заштита на лицата од дејствијата на семејното насилство.

За семејното насилство постојат бројни дефиниции кои се обидуваат да го определат неговиот широк предмет. Според Gelles семејното насилство ги подразбира актите и дејствијата кои се преземени од некое лице кон друго лице во рамките на семејството, при што таквите дејствија и акти значат предизвикување на штетни последици за жртвата на семејното насилство. Авторот се определил за една широка дефиниција на семејното насилство, според која под истата можат да се подведат дејствијата на физичко повредување, дејствијата и актите што значат загрозување или повредување на психичкото здравје на жртвата. Овој вид на дејствија уште ги нарекува и емоционална агресија од причина што се дејствува врз психата и емоциите на жртвата, како и дејствијата и актите кои значат преземање на сексуални активности во насока на повредување на жртвата на семејното насилство.[3]

## 2. Видови на семејно насилство

### 2.1 Физичко насилство

Видовите на семејно насилство најчесто се определуваат врз основа на некои критериуми преку кои се прави класификација и категоризација на видовите на овој вид на насилство. Како основни критериуми кои се земаат во предвид за определувањето на видот на семејното насилство се начините и модалитетите на сторување на семејното насилство, како и последиците за жртвата на семејното насилство. Па така, согласно различните начини на сторување на семејното насилство и различните последици кои настануваат како резултат на истото, неговите видови можат да бидат физичко насилство, психичко насилство и сексуално насилство.

За физичкото насилство како вид на семејно насилство се смета дека е еден од најзастапените видови на насилство кое што се случува во рамките на семејството. Согласно законската определеност, физичкото насилство се нарекува и уште телесно насилство, и истото се исполнува преку различни дејствија на физичка сила, преку кои доаѓа до нарушување на здравјето на жртвата на семејното насилство.[4] Овој вид на семејно насилство во практиката може да биде манифестирано на најразлични начини и форми. Па така како најчести манифестации на овој вид на насилство во стручната литература и во практиката се сретнуваат, дејствијата на удирање на жртвата

[1] Игнатовиќ, Ѓ. (2005). *Криминологија*. Београд: Службен Гласник.

[2] *The World Health Report*. (2005). World Health Organization. 2005.

[3] Gelles, J. R. (1998). *Family Violence: The Handbook Of Crime and Punishment.* Oxford: Oxford University Press.

[4] *Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство:* Сл. Весник на Република Македонија бр. 138/2014, 33/2015, 150/2015.

преку примена на физичка сила, удирањето на шлаканици, удирањето на боксови, дејствијата што значат влечење за коса на жртвата, разните убоди на телото на жртвата, силувањето, фрлањето со разни предмети по жртвата се со цел да се наруши нејзиното телесно здравје, кршењето на разни предмети и сл.

### 2.2 Психичко насилство

Психичкото насилство во литературата уште е познато како и емоционално насилство. Главна карактеристика на овој вид на насилство е тоа што се нарушува благосостојбата на едно лице како резултат на преземените дејствија од страна на сторителот на психичкото насилство, при што се прави потполно и целосно деградирање на личноста на жртвата, преку постојани навреди на релација сторител на психичко насилство и жртва на психичко насилство. Неколку однесувања се сметаат како типични за овој вид на семејно психичко насилство: контролата на жртвата на семејно насилство, целосна изолација на жртвата, постојана љубомора, постојано омаловажување и понижување на жртвата во затворен или отворен круг на луѓе, постојано заплашување, сериозни закани за повредување на жртвата или повредување на неа блиски лица.[5]

Каркатеристично за психичкото семејно насилство е тоа што преку неговите дејствија се предизвикуваат емоционални нарушувања на психичкото здравје на жртвата на семејното насилство, како и постојани психички маки и страдања на жртвата. Се поставува прашањето како да се препознае овој вид на семејно насилство, како да се препознае психичкото семејно насилство. За разлика од физичкото насилство каде што може да се забележат конкретни траги на повредување и насилство, кај психичкото насилство трагите од истото не се видливи, па затоа битно е да се знаат начините врз основа на кои тоа може да се препознае. Сите претходно наведени дејствија значат исполнување на битието на психичкото насилство во рамките на семејството.

### 2.3 Сексуално насилство

Дукас, Коцева и Качанска сексуалното насилство го определуваат како секој контакт од сексуална природа на релација сторител на сексуално насилство и жртва на сексуално насилство. Под поимот на контакт се подведуваат разни дејствија на извршување на овој вид на сексуално семејно насилство како што се, допирањето на жртвата од страна на сексуалниот насилник, несакани сексаулни дејствија врз жртвата, активности за подведување на жртвите на проституција, полови односи кои се изведуваат пред поширока јавност или полови односи кои се изведуваат пред дете.[6]

Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство сексуалното насилство како еден од видовите на семејно насилство го определува како секое дејствие на сексуален акт кој се презема од страна на насилникот, како и секое дејствие што значи сексуално вознемирување на некое лице без претходно дадена согласност. Сексуалните вознемирувања претставуваат несакани активности и однесувања кои се преземаат од страна на некое лице и кои имаат полов карактер и се од полова природа. Ова сексуално вознемирување може да биде изразено на различни начини, физички начин, вербален начин или на кој било друг начин, при што ваквото постапување од страна на лицето има некоја цел која се состои во деградирање на жртвата, како и повреда на нејзиното достоинство и нарушување на моралниот интегритет.[7]

[5] *Водич за СОС консултација на жртви на семејно насилство.* (2011). Скопје: Кризен центар – Надеж.

[6] Дукас Д., Коцева, А., Качанска, Б. (2010). *Семејно насилство – Брошура*. Свети Николе: Организација на жените на Општина Свети Николе.

[7] Георгиев, А. (2015). *Речник на правни поими – Дефиниции на поими и фрази од македонското законодавство и латински правни изреки*. Битола: Институт за истражување и европски студии – Битола.

Сексуалното насилство како еден од видовите на семејно насилство може да се дефинира во потесна и во поширока смисла. Во потесна смисла под поимот на сексуално насилство се подразбира секој вид на задоволување на сексуалните потреби и нагони на насилникот со примена на физичка, психичка или секој друг вид на сила или со примена на надмоќ. Додека пак од друга страна сексуалното насилство во поширока смисла ги подразбира сите видови на вербални, гестикулативни или физички контакти кои се со доминантна сексуална содржина и кои се случуваат помеѓу две лица кои што се од различен или ист пол. Во овој широк сет на вака определеното сексуално насисinnerство може да се вбројат, разните сексуални пораки, непристојните понуди, нагласеното покажување на сексуалните симболи, допирите, дефлорацијата, силувањето и сл.

## 3. Облици на семејно насилство

### 3.1 Семејно насилство помеѓу интимни партнери

Во зависност од критериумот спрема кои лица се случува семејното насилство може да се сретнат следните облици на семејно насилство: семејното насилство помеѓу интимните партнери (семејното насилство врз жени и семејното насилство врз мажи), семејното насилство врз стари лица и семејното насилство врз деца. Како што може да се види овие три засебни облици на семејно насилство настануваат помеѓу различни реалции на лица кои имаат некаков семеен статус во рамките на семејството. Обликот на семејното насилство помеѓу интимните партнери ги опфаќа релациите на семејно насилство кое се извршува од страна на мажите врз жените, како и семејното насилство кое се извршува од страна на жените врз мажите. Обликот на семејното насилство врз старите лица ги опфаќа реалциите кои се воспоставуваат од една страна помеѓу некој член на семејството и стар член на семејството, кој во конкретната ситуација е жртва на тоа насилство. Третиот или последен облик на семејно насилство, насилството врз децата ги опфаќа реалциите кои настануваат од една страна помеѓу било кој член на семејството и од друга страна децата како жртви на тој вид на насилство.

### 3.2 Семејно насилство врз жени

Овој вид на насилство резултира со огромни последици на психички план врз жената, на физички план, како и на целокупниот интегритет на жената. Овие последици настануваат како резултат на тој дискриминаторски пристап, кој се заснова на различностите на половите, користејќи ги пред се традицијата и обичаите како оправдување за кршење на правата на жените, што самото по себе е спротивно на еднаквоста која треба да постои помеѓу половите, како и спротивно на мирот во едно општество. Со ваквите дејствија се доаѓа до нарушување на граѓанската сигурност во едно општество, како и до нарушување на демократијата.

Поранешниот Генерален секретар на Организацијата на Обединетите Нации, Кофи Анан смета дека ваквиот облик на насилство по своите карактеристики претставува најзасрамувачки и со истиот се прави грубо и срамно прекршување на основните човекови права и слободи на жената. Според него, во поглед на обемот на овој вид на насилство, истиот смета дека истото е најзастапено и најраспространето за разлика од останатите облици на семејно насилство. Семејното насилство врз жените има интернационален карактер и истото не познава граници, не зависи од културолошките разлики, не зависи од економските состојби или од географската положба. Ваквиот облик на семејно насилство драстично влијае на светскиот мир и развој.[8]

[8] Груевска - Дракулевски, А. (2013). *Семејното насилство во Република Македонија, Превенција и заштита од сите форми на насилство врз жените и домашно насилство – Истанбулска Конвенција*, Македонска ревија за казнено право и криминологија. Скопје: Здржение за кривично право и криминологија, година 20, бр. 1.

### 3.3 Семејно насилство врз мажи

Некои дејствија и однесувања може да се подведат под феноменот на семејното насилство кое што се извршува од страна на жените врз мажите, па така во оваа смисла, во овој спектар може да се набројат: постојаното споредување со останатите машки лица, исмејувањето од страна на интимниот партнер, како во кругот на домот, така и во јавноста, обезвреднување на постигнатите резултати на мажот, лажни обвинувања, приговори кои се поврзани со социјалните, професионалните, образовните и културно националните способности, големи очекувања во материјална смисла, контролирање на финансиите и домашниот буџет, создавање на емотивни “сојузи” со децата и нивно насочување против својот татко и сл.[9] Мажите кога се жртви на семејно насилство од своите жени, најчесто се работи за емоционалните видови на семејно насилство или економските видови на семејно насилство.

### 3.4 Семејно насилство врз стари лица

Светската здавствена организација насилството над старите лица го дефинира како поединечен или повторувачки чин или недостаток на соодветно постапување, кое се случува во било кој однос на очекувања и доверба, а кои самиот по себе предизивикува, штета, болка, нелагодност на старите лица. Оваа дефиниција вклучува и разликува телесно или физичко насилство, психичко насилство, сексуално насилство и економско насилство, обезбедувајќи широк спектар на рационализацијата над старите лица како социјален феномен.[10]

Насилството кон старите лица во рамките на семејството претставува специфична форма на семејно насилство. Насилството над старите лица во рамките на семејството може да биде дефинирано со помош на посебните видови на семејно насилство, со помош на физичкото насилство, психичкото насилство, сексуалното насилство и економското насилство. Така според ова насилството спрема старите лица претставува извршувањето на било кој од овие видови на семејно насилство од страна на некое лице во рамките на семејството. Како и останатите облици на насилство и кај овој облик на насилство над старите лица неговата цел се состои во овозможувањето на контрола врз лицата, негово телесно повредување, економска зависност, сексуално повредување, во зависност од начините на извршување на насилството, како и од последиците кои конкретно настануваат за старите лица.

### 3.5 Семејно насилство врз деца

Семејното насилство врз децата, како калсична злоупотреба на моќта и како деструктивен облик на комуницирање и неконтролирано однесување, а кој се манифестира преку физичко и психичко нарушување на интегритетот на детето, претставува сериозен проблем на целокупното општество. Семејното злоупотребување и семејното занемарување на децата претставуваат појави кои на индивидуален, семеен и социо - културен план оставаат трајни последици.

Семејното насилство во кое жртва се децата најчесто се поврзува со универзално признатите права и слободи на детето, како посебна категорија, како лица кои се најнежен, најзагрозен, најзапоставен и на крај наслабо заштитен дел од човештвото. Токму поради овие лични карактеристики на децата од биолошка и физичка природа, истите често стануваат жртви на различен вид на криминалитет, вклучително и нивното појавување како жртви на семејното насилство.

[9] Poredos, L. (2010). *Nasilje nad muskarcima u partnerskim vezama.* Osijek: Filozofski fakultet – Osijek.

[10] Ajdukovic, M., Ogresta, J., Rusac, S. (2008). *Izloženost starijih osoba nasilju u obitelji*. Revija za socijalnu politiku, god 15, br. 1.

### Заклучок

Семејното насилство претставува сериозен проблем, не само на семејството во чии рамки се случува истото, туку проблем и на целокупното општество, како резултат на неговата деструктивност и сериозните последици кои ги предзвикува. По своите феноменолошки карактерстики истото се појавува во сите држави и општества, без да може да се извлече некое генерално правило за неговото сторување. Заложбите на теоретичарите во однос на факторите и причинителите на семејното насилство воопшто, единствено можат да помогнат во делот на поставувањето и востанувањето на издржан систем на превенција и заштита од овој вид на насилство, од семејното насилство.

Разгледувањето и анализата на феноменот на семејното насилство е единствено можна со примена на еден сеопфатен и интегративен пристап, преку кој се очекува да се согледаат сите аспекти на оваа негативно општествена појава, како што се одредувањето на појавните облици на семејното насилство и неговите видови, со определување на останатите феноменолошки карактеристики, детектирање на причините кои доведуваат до случување и практикување на овој вид на насилство, како и системот на превенција и заштита од истото.

### БИБЛИОГРАФИЈА

[1] Ajdukovic, M., Ogresta, J., Rusac, S. (2008). *Izloženost starijih osoba nasilju u obitelji*. Revija za socijalnu politiku, god 15, br. 1.

[2] Gelles, J. R. (1998). *Family Violence: The Handbook Of Crime and Punishment.* Oxford: Oxford University Press.

[3] Георгиев, А. (2015). *Речник на правни поими – Дефиниции на поими и фрази од македонското законодавство и латински правни изреки*. Битола: Институт за истражување и европски студии – Битола.

[4] Груевска - Дракулевски, А. (2013). *Семејното насилство во Република Македонија, Превенција и заштита од сите форми на насилство врз жените и домашно насилство – Истанбулска Конвенција*, Македонска ревија за казнено право и криминологија. Скопје: Здржение за кривично право и криминологија, година 20, бр. 1.

[5] Дукас Д., Коцева, А., Качанска, Б. (2010). *Семејно насилство – Брошура*. Свети Николе: Организација на жените на Општина Свети Николе.

[6] Игнатовиќ, Ѓ. (2005). *Криминологија*. Београд: Службен Гласник.

[7] Poredos, L. (2010). *Nasilje nad muskarcima u partnerskim vezama.* Osijek: Filozofski fakultet – Osijek.

[8] *Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство:* Сл. Весник на Република Македонија бр. 138/2014, 33/2015, 150/2015.

[9] *Водич за СОС консултација на жртви на семејно насилство.* (2011). Скопје: Кризен центар – Надеж.

[10] *The World Health Report*. (2005). World Health Organization. 2005.